КОНСТАНТИН ЈАНЕВ

# КЕРАМОСКУЛПТУРА



КУЛТУРНО
ИНФОРМАТИВЕН
ЦЕНТАР
СКОПЈЕ

МАЈ 2002

# Константин Јанев

Бул АВНОЈ 70/32 - Скопје, Република Македонија, Тел. 02 454 447, e-mail: koki_terra@yahoo


Роден на 21.07.1963 во Скопје
Дипломирал на ФЛУ во класа на Проф. Васко Василев, 1993 во Скопје, Република Македонија
Член на ДЛУПУМ од 1993
Од 1993 до 1999 - Менаџер - галерист во „АРТ-ТЕРА“, Скопје

*Самостојни изложби:*

1995 - Галерија СТОБИ - Скопје

*Колективни настапи:*

1993 - III Светско триенале на мала керамика, Загреб, Хрватска
1995 - Иложба на РАКУ керамика СИНГИДУНУМ, Белград, Југославија
1996 - IX Триенале на керамика, Белград - Суботица, Југославија
1996 - IV Меѓународно биенале на минијатура - Горњи Милановац, Југославија
1997 - Изложба на меѓународна керамичка работилница, Тројан, Бугарија
1997 - Изложба на меѓународна керамичка работилница, Софија, Бугарија
1997 - IV Светско триенале на мала керамика, Загреб, Хрватска

*Симпозиуми и работилници:*

1994 - Интернационален Симпозиум „Свет на керамика“ - Аранѓеловац, Југославија
1996 - Интернационална работилница за керамика, Тројан, Бугарија
1999 - Интернационална работилница за керамика, Дрезден, Германија

*Проекти:*

2000 - „Заедничка земја“ - Зграда на Обединетите нации, Њујорк, САД

*Студиски престои:*

1999 - Студио за керамика, Дрезден, Германја
2000 - Студио „Тетковски“, Њујорк, САД



**Konstantin Janev**

Blvrd AVNOJ 70/32 - Skopje, Republic of Macedonia, Phone. ++ 389 2 454 447, e-mail: koki_terra@yahoo

Born on July 21 1963 in Skopje
Graduated at the Faculty of Fine Arts, class of Prof. Vasko Vasilev, 1993 in Skopje, Republic of Macedonia
Member of DLUPUM (Association of Artists for Implemented Arts) since 1993
From 1993 to 1999 - Manager of the gallery "ART-TERA", Skopje

*Individual exhibitions:*

1995 - STOBI Gallery - Skopje

*Collective performances:*

1993 - III World Triennial on small Ceramics, Zagreb, Croatia

1995 - Exhibition of RAKU Ceramics SINGIDUNUM, Belgrade, Yugoslavia

1996 - IX Triennial of Ceramics, Belgrade - Subotica, Yugoslavia

1996 - IV International Biennial of Miniature - Gornji Milanovac, Yugoslavia

1997 - Exhibition on International Ceramics Workshop, Trojan, Bulgaria

1997 - Exhibition on International Ceramics Workshop, Sofia, Bulgaria

1997 - IV World Triennial on Small Ceramics, Zagreb, Croatia

*Symposia and Workshops:*

1994 - International Symposium "World of Ceramics" - Arandjelovac, Yugoslavia

1996 - International Workshop on ceramics, Trojan, Bulgaria

1999 - International Workshop on Ceramics, Dresden, Germany

*Projects:*

2000 - Common Ground Project, United Nations Building, New York, USA

*Study tours:*

1999 - Ceramics Studio, Dresden, Germany

2000 - Studio "Tetkovski", New York, USA



# Константин Јанев

*(виртуелно интервју)*

По големите турбуленции на глобалната геостратегија, по војната во Југославија од 1999 и конфликтот во Македонија од 2001-та, по големиот и мал џихад и псевдоапокалиптичните збивања во Њујорк, маестро Константин Јанев патува во Пехчево за да таму (изолиран од големата вознемирувачка прикаска) ги подготви печките во кои ќе биде иницирван еден по сè висококонтролиран алхемичарски пекол од 940°C - температура при која оловото преминува во злато, а тоа пак во метафора за убавината на овие чудесни керамички суштества - творби, чеда или пак пријатели на уметникот (како што милуваше да ги нарекува Макс Ернст тие скулпторски дела што ја сочинуваа неговата колекција - што создадени од него самиот, што од неговите креативни пробратими од колонијалните пространства на планетава).

Прв пат овие скулптури на Маестро К. Јанев ми беа претставени пред неколку месеци во тајната резиденција на Г-динот Н.Ш. Сокол - виден активист на андерграунд сцената, кој во својство на резидент ја овозможуваше логистиката на нашите конспиративни аналитички сеанси, свикувани од страна на церемонијал мајсторот Г.П. Велечесен и под покровителство на Неговото Височество - Војводата од Ајронхил. Во текот на мрачните предвидувања, а прос пос „мирот во светот", што десперираните дискутанти ги најавија како можна појава на периодот на неоварваризмот во глобални размери, Маестро К. Јанев во својство на еден постмодернистички шаман ги приложи репродукциите од својот најнов опус. Творбите блеснаа како дијаманти во етерот на нашите перцептивни камера обскура, во брзите како пастрмка дланки на Сир Оливер Оливер, арисократ, врвен познавач на економските паралогизми и секако - пасиониран колекционер на убавите нешта. Во времињата кога боговите војни водат, а музите молчат, Маестро К. Јанев се престорува во своевиден анархо-либералистички Вулкан и почнува да ги пече своите порции чиста естетика...

**Маестро К.Јанев:** „Види ги овие печки (доставувајќи фотографски документ), исти се како оние од Аушвиц... Оваа креативна авантура во Пехчево ми го доближи Ничеовиот концепт за естетиката повеќе од кога било досега. Но, не како историска или стилска парадигма, туку како процес, или подобро - драма, во која виртуелноста на моралниот дискурс добива своевиден паметник...."

Останатите (во еден глас): „Но, Маестро Јанев, зар не помислувате на фактот што концептуализмот во својата револуционерна фаза, токму „процесот" го инаугурираше како идеолошка акција за една нова општествена естетизација при која ќе се избишат класно историските дистинкции."

**Маестро К.Јанев:** „Секако, но исклучиво во една утопистичка перспектива, која останува само потенција на еден надминат креативно-интелектуалистички симулакрум, напуштен од историските текови како предекадентен и отфрлен од Арт-маркетот како беспредметен и неапликативен во системите на потрошувачките модуси. Затоа ви велам пријатели на уметноста, возобновениот интерес за метафизиката, која единствено може да биде посведочена низ баналитетот на алегориското, одново нуди гаранции за прастарите принципи на иманентност помеѓу процесот и артефактот, етиката и естетиката, материјата и антиматеријата, Христос и светот...."

**Останатите (во еден глас):** „Свети Августин вели: Истури за да бидеш наполнет. Заборави да сакаш за да научиш да сакаш. Одврати се, за да бидеш повратен. Кратко кажано: Сè она што треба да зема и прими, треба и мора да биде празно..."

Маестро К. Јанев: „ Токму така, о пријатели на уметноста! Како во древната Зен приказна за учителот кој при запознавањето со својот ученик почнал да ја налива чашата со вода до нејзиното потполно наполнување, па продолжил понатаму да ја налева чашата со вода до прелевање, а можеби - зошто да не и до потопување. Запрашан од ученикот зошто тоа го прави, учителот одговорил: Твојата свест е преполна со заблуди како оваа чаша со вода, а кога е толку полна како ќе пронајдеме место во неа за да ти ја преточам вистината?"

**Останатите (во еден глас):** „Болката поминува, убавината останува!!!"

**Маестро К.Јанев:** „Токму така мој пријатели на уметноста. Деконструирајќи го сижето и исцрпувајќи ги контекстите доаѓаме во допир со перфекцијата на Битието. Ееееј!"

Во истиот момент Маестро К.Јанев исчезна вовлекувајќи се во една поголема дупка на подот. Неговиот арлекински шарм остана како поздрав... Подоцна уморени од силното чудење заљомзивме во длабока халуцинација следејќи го Маестро К.Јанев во Пехчево.... како се приближува кон печката ноншалантно, носејќи го сиот тој Џез со себе, како Пинк Пантер ...

# Konstantin Janev

*(A virtual interwiev)*

Following the big turbulence in the global geostrategy, the war in Yugoslavia from 1999, the conflict in Macedonia from 2001, after the big and small jihad and the pseudo-apocalyptical events in New York, Maestro Konstantin Janev travels to Pehchevo (isolated from The upsetting story) to initiate a highly controlled alchemical Inferno on 9400 C. The temperature that turns lead into gold, and gold turns into metaphor of the beauty of these miraculous ceramic beings, crafts, offspring or friends of the Artist (as Max Ernst used to call the pieces of his sculpture collection, made by himself and by his soul-mates from the numerous collonies round the Planet).

These sculptures of Maestro K.Janev were presented to me for the first time few months ago, in the secret residency of Mr. N.S. Falcon - notable promoter of the underground stage. He, being a resident, was providing logistic support for our conspirative sessions of analysis, managed by Master of Ceremony G.P. Reverend under auspices of His Highness the Duke of Ironhill. During one of blasphemous divinations regarding "the world peace", announced by the desperate discussants as possible period of global neobarbarism, Maestro K.Janev as a postmodern shaman submitted the reproductions of his latest opus. His craftworks flashed as diamonds between the sticky fingers of Sir Oliver Oliver (an aristocrat well acquainted with the economical paralogisms and above all - a passionate collector of fine specimens) in the lenses of our perceptive camera obscura. In these times, while gods raise hell and Muses are mute, Maestro K.Janev incarnates into anarcho-liberal Vulcan and starts to flame his potions of pure esthetics...

**Maestro K.Janev:** "Take a look at these furnaces (documented by photographs), they are same as the ones from Auschwitz... This creative adventure in Pehchevo has brought closer to me the Nietzsche's concept of esthetics, closer than anything before. Not like an historical or a stylistical paradigm, but more like a process, or better like a drama in which the moral disorientation virtuality gets its own memorial..."

**The rest of us in the room (unison):** "But Maestro Janev, don't you consider the fact that the "process" itself has inaugurated the conceptualism in its revolutionary stadium as an ideological action for a new social esthetization that would erase the historical distinction between classes.

**Maestro K.Janev:** "Yes indeed, as in utopistic perspective only, a perspective that remains but ability of an outdated creative-intellectual simulacrum, abandoned by the historical drifts for being hyperdecadent and rejected by the Art-market as pointless and non applicable in the customers oriented systems. Therefore, my friends of Art, the resurrected interest in metaphysics, that can only be testified trough triviality of the allegory, offers guaranties for the ancient principles of immanence between the process and the artifact, between the ethics and the esthetics, between the matter and the antimatter, between Jesus and the world..."

**The rest of us in the room (unison):** "St. Augusts says: Pour out to be fulfilled. Forget to love in order to learn to love. Distort in order to be restored. In short: Anything that needs to take or receive, needs to be empty..."

**Maestro K.Janev:** "Yes indeed, my friends of Art! Same as it was in the ancient Zen tale about the master and his disciple. When they first met, the master started filling a glass with water until the very top. Still, he continued pouring in, although the water was running out of the glass. His disciple asked what was it all about. The master said: Your mind is fulfilled with dilutions, same as this glass is. If that is so, how can we find a space for the Truth, I want to teach you about, to fit in?"

**The rest of us in the room (unison):** "Pain fades away, Beauty remains forever."

**Maestro K.Janev:** " Yes indeed, my friends of Art! By deconstructing the core and emptying the contexts we touch the perfection of the Entity. Heeeey!"

At the very moment, Maestro K. Janev disappeared, diving into a large cavity in the floor. His Harlequin charm remained behind him as a farewell... Later on, exhausted of the intensive amazement we have liomzified* into deep hallucination, tracking Maestro K.Janev till Pehchevo... watching him approaching the furnace nonchalantly, carrying all that Jazz within himself, just like Pink Panther ...

---

* Indigenous verb used in the conspirative sessions to signify the kinetic synapses between consciousness, space, time and universe, initiated and maintained by the Macedonian flora. BTW, you have to know Mr. Aleksandar Stankovski - Rembrandt, personally, to grasp the meaning. (Remark of the translator)


































1. Вселенска пупка / Space Bud
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*



2. Свето семејство / Sancta Familia
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*



3. Кула на среќата / Tower of joy
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*



4. Молитва / Prayer
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*



5. Врисок / Scream
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*



6. Шаман / Shaman
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*



7. Воден монолит / Watery monolit
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*



8. Оро / Oro - traditional dance
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*



9. Танго / Tango - Macedonico
*Глазирана керамика (955°C) / Glazed ceramic (fired to cone 08)*

*Организатор на изложбата и издавач:*
КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

*Publisher:*
KULTURNO-INFORMATIVEN CENTAR - SKOPJE

*За издавачот:*
Љупчо МАЛЕНКОВ

*For the publisher:*
Ljupcho MALENKOV

*Фото:*
Александрос СТАМАТИУ

*Photo:*
Aleksandros STAMATIU

*Текст:*
Александар СТАНКОВСКИ

*Text:*
Aleksandar STANKOVSKI

*Дизајн на каталогот:*
Константин ЈАНЕВ

*Layout:*
Konstantin JANEV

*Превод на англиски:*
Гордана ПОП-СИМОНОВА

*Translation:*
Gordana POP-SIMONOVA

*Компјутерска обработка и подготовка за печатење:*
ТОТЕМ

*Prepress:*
TOTEM

*Печати:*
СКЕНПОИНТ

*Print:*
SKENPOINT

*Тираж:*
300

*Copies:*
300

*Изложбата и каталогот се реализирани со помош на*
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
АД РИОМ-ЦРВЕНА ЅВЕЗДА, Пехчево и АД ПИВАРА, Скопје

*The exhibition and the catalogue have been realized by the assistance of the*
MINISTRY OF CULTURE OF REPUBLIC OF MACEDONIA,
AD RIOM-CRVENA ZVEZDA, Pehcevo and AD PIVARA, Skopje

ISBN 9989-802-63-7



# CERAMICSCULPTURE

## KONSTANTIN JANEV

KULTURNO
INFORMATIVEN
CENTAR
SKOPJE

MAY 2002